РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Министерство за труд и социјална политика**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број 04-9147/2

5.11. 2014 година

Скопје

Врз основа на член 55, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Министерот за труд и социјална политика на ден 5.11.2014 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика број 04-8093/2 од 12.12.2012, Правилниците за изменување и дополнува на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр. 04-2052/1 од 19.03.2013, бр.04-3344/1 од 23.05.2013, бр.04-3928/1 од 14.06.2013, бр.04-6933/1 од 23.09.2013, бр.04-103934/4 од 17.12.2013, бр.04-11249/1 од 30.12.2013, бр.04-4013/2 од 22.05.2014, бр.04-5135/1 од 26.06.2014, бр.04-5778/2од 17.07.2014 и бр.04- 8373/1 од 13.10.2014, во делот II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во членот 7, точката 8."СЕКТОР ЗА ТРУД", се менува називот на организационата единица и истиот гласи: "СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“.

### Член 2

Во делот II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во членот 7, во точката 8. "СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“, се менува називот на работното место со реден број 166. „Раководител на сектор за труд“ и истиот гласи: „Раководител на сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување“.

### Член 3

Во делот II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во членот 7, во точката 8. "СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“, се менува називот на работното место со реден број 167. „Помошник раководител на сектор за труд” и истиот гласи:: „Помошник раководител на сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување“.

### Член 4

Во делот II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во членот 7, во точката 16.УПРАВА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИ И ВОЕНИ ИНВАЛИДИ, во подточката 16.1.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БОРЕЧКА И ИНВАЛИДСКА ЗАШТИТА, во работното место со реден број “342. Нормативно–правна и управна постапка за оставрување на правата за боречка и инвалидска заштита”, се врши измена во делот „Звање:“ каде, по зборовите ”Советник”, зборовите “(5 извршители)” се заменуваат со зборовите “(6 извршители)”.

Во работното место со реден број „342“, во делот „Општина каде е лоцирано работното место, се врши измена каде по зборовите: ”Скопје, Центар”, се додава бројот и се додаваат зборовите: “(5), Кичево (1)”.

### Член 5

Во делот II.РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во членот 7, во точката 16.УПРАВА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИ И ВОЕНИ ИНВАЛИДИ, во подточката 16.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БОРЕЧКА И ИНВАЛИДСКА ЗАШТИТА, во работното место со реден број “345. Административно-оперативна поддршка и обработка на податоци за оставрени права за боречка и инвалидска заштита”, се врши измена во делот „Звање:“, каде, по зборовите ”Помлад соработник” зборовите “(14 извршители)” се заменуваат со зборовите “(15 извршители)”.

Во делот работното место со реден број „345“, во делот Општина каде е лоцирано работното место“ во зборот “Кичево (1)”, каде бројот ”(1)” се заменува со бројот ”(2)”.

**Член 6**

Согласно извршените изменувања и дополнувања во интегралниот текст во Правилникот се вршат изменувања и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува и ќе се објави на огласната табла и на интернет страницата на Министерството за труд и социјална политика, по добивањето писмена согласност од Агенцијата за администрација.

Број 04-9147/2 МИНИСТЕР,

5. 11. 2014 година Диме Спасов

С к о п ј е